

Шпаркасе Банка

# ВРАБОТУВА

## САМОСТОЕН СОРАБОТНИК ЗА КРЕДИТЕН РИЗИК ЗА КОРПОРАТИВНИ КЛИЕНТИ



**ЛОКАЦИЈА**
СКОПЈЕ, Сектор за кредитен ризик и наплата/
Оддел за Кредитен Ризик за Корпоративни клиенти

---

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство - Erste & Steiermärkische Sparkasse** | **повеќе од 200.000 клиенти во земјата** | **36 експозитури** | **посветеност, кредибилитет и сигурност**

## Што ќе биде твојата улога

Анализа на кредитни апликации од аспект на кредитен ризик за правни лица, иницијално одобрување, редовни годишни ре-одобрувања, промена на услови, како и анализа на проекти, инвестиции и оценување на нивната подобност за финансирање од аспект на ризик;

Контрола на исполнување на условите утврдени во кредитните одлуки и контрола на процесот на наплата на побарувањата од клиенти (освен за "Workout");

Активно учество во процесот на идентификација и следење на сигналите за рано предупредување (EWS), како и во соодветната класификација на клиентите, во предлагање измени и дополнувања на постоечките политики, процедури, упатства, инструкции, алатки и апликации за работа во Банката;

Учество во одлучувањето за кредитните апликации до соодветно делегираните права за одлучување;

Определување и потврдување на конечен рејтинг на клиентите.

---

## Кои квалификации се потребни

ВСС - Економски факултет или соодветно високо образование;

Најмалку 4 години работно искуство во банкарски сектор;

Активно познавање на англиски јазик и познавање на работа со компјутер (MC Office);

Познавање на процесот на кредитирање ќе се смета за предност;

Познавање на кредитниот ризик, финансиската анализа и домашниот пазар;

Аналитички вештини во делот на планирање и одлучување, како и вештини за комуникација и организација со интерни клиенти, креативност и проактивност.

## Кои ќе бидат твоите придобивки

Обезбедена обука за работа

Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse

Приватно здравствено осигурување

Конкурентна плата и дополнителни надоместоци

Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, ангажманот, но и тимскот дух

Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee’s wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **12.12.2023** со назнака **„Апликација за САМОСТОЕН СОРАБОТНИК ЗА КРЕДИТЕН РИЗИК ЗА КОРПОРАТИВНИ КЛИЕНТИ“**.

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk .

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА!** #верувајвоиднината

SPARKASSE Bank